08 – 396/1
21.04.10 год.

Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 08-303/1
30.04.2010 год.
Новаци

# ДОГОВОР
## *За меѓуопштинска соработка*

Склучен помеѓу:
1.***Општина Македонски Брод*** со седиште на ул.7-ми септемвриг бр.4 Македонски Брод, Застапувана од Градоначалникот на општина Македонски Брод Милосим Војнески од една страна

2.***Општина Новаци*** , застапувана од Градоначалникот на општина Новаци Лазар Котески од друга страна

### *Член 1*

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.5/2002) и Одлуките бр.07-1240/11 од 27.11.2009 за формирање на заеднички административни тела донесена од Советот на општина Македонски Брод и Одлуката бр.07-670/6 од 09.10.2009 за формирање на заеднички административни тела донесена од страна на Советот на општина Новаци и во согласност со законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр.79/09) за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на внатрешниот ревизор.

### *Член 2*

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува внатрешниот ревизор во Општина Македонски Брод во областа на внатрешната ревизија да ги извршува и во име и за сметка на општина Новаци.

### *Член 3*

Со овој договор ревизорот вработен во општинската администрација Македонски Брод за извршување на внатрешната ревизија во општина Новаци ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

### *Член 4*

За извршување на работите што се предмет на овој Договор ,општина Новаци ќе исплаќа по 5.000,оо денари месечно на жиро сметка на Буџетот на општина Македонски Брод.

### *Член 5*

Внатрешниот ревизор за својата работа во општина Могила непосредно му одговара на Градоначалникот на општина Новаци и истите својата работа ќе ја извршуваат по повик од градоначалникот на општина Новаци и по обезбеден превоз од негова страна.

***Член 6***

Измени и дополнувања на одредбите на овој договор ќе се вршат со анекс на овој договор.

***Член 7***

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни .

***Член 8***

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни .
Овој договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

***Член 9***

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решава, во спротивно надлежен е Основниот суд во Кичево.

***Член 10***

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кој по 2 (два) за секој од договорните страни.

***ОПШТИНА МАК.БРОД***
***ГРАДОНАЧАЛНИК,***
***Милосим Војнески***

***ОПШТИНА НОВАЦ***
***ГРАДОНАЧАЛНИК,***
***Лазар Котески***

Република Македонија
Општина Новаци
Новаци